Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде придонес во подобрување на јавната услуга – јавен превоз во Град Скопје, преку оценка на активностите кои надлежните субјекти ги преземаат со цел подобрување на квалитетот на јавни услуги – јавниот превоз во Град Скопје. Од прелиминарните истражувања кои ги извршивме за потребите на ревизијата произлегоа повеќе подрачја кои покажаа претпоставени или докажани ризици и кои беа основа за вршење на ревизијата на успешност. Нашата ревизија ја насочивме кон откриените ризични подрачја како и кон прашања поврзани со активноста. Во таа насока се фокусиравме на причините за потребата и основот за набавка на нови автобуси, активности за подобрување на подготвеноста на надлежните институции да одговорат на потребите на новите автобуси во кои спаѓаат мерките и плановите за прием, сервиси и одржување на новите автобуси, обуките на возачите, улиците и режимот на сообраќај, финансиски средства за активностите кои надлежните институции ги преземаат со цел подобрување на јавниот градски превоз и потребата од подобрување на контролните механизми за оваа област.

Со ревизијата опфатени се повеќе ризици кои се определени кај следните области:

- Координација помеѓу институции, законска регулатива, надлежности и стратешки документи;
- Набавка на нови автобуси;
- Управување и одржување на новите автобуси;
- Улици и режим на сообраќај;
- Конкуренција;
- Финансирање;
- Надзор и контрола.

Произлезените ризици од прелиминарните истражувања заради подобро следење ги организиравме и подредивме по неколку подрачја/области за ревизија и тоа:

- Поврзаност и спроведливост на стратешките документи за подобрување на јавниот превоз и потребата за бројот и видот на новите автобуси;
- Исполнување и одржливост на придружните елементи во подигнување на квалитетот на јавниот превоз освен воведувањето на нови автобуси – автобуски постојки, систем на поништување и наплата на билети, менаџирање со новите автобуси, сигнализација и режим на сообраќај, обезбедување на навременост и точност во

возниот ред, надзор и контрола, јавно информирање, конкурентски услови во превозот на патници;
- Откривање на можности за подобрување на квалитетот во јавниот превоз преку практични искуства и решенија кај слични градови со структура, обем на население, густина на сообраќај и други приближни услови;

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за примената на законската и подзаконската регулатива во областа, координацијата помеѓу институциите кои се надлежни за јавниот градски превоз, стратешко планирање и имплементација и реални резултати од истото, основот за донесување на одлука за набавка на новите автобуси по број, вид и намена, активности кои се преземаат за управување и одржување со новите автобуси, предвидени активности за планирање, финансирање и известување за изградба и одржување на улици и сообраќајна сигнализација и семафорите, улогата на приватните превозници учесници во јавниот градски превоз, функционирањето на системот за наплата на ЈСП, начинот на кој се спроведува надзорот и контролата од страна на надлежните институции, условите кои придонесуваат за функционално и ефикасно исполнување на нивните законски обврски и други отворени прашања за кои се искажани состојбите во поглавјата Основни податоци и Ревизорски наоди од овој извештај. Периодот кој го опфативме со нашата ревизија за прашања кои се однесуваа на ризичните подрачја како и други прашања поврзани со поставената цел на ревизијата на успешност е дефиниран на 2008/2009 година со одредени области и прашања кои го покриваат и периодот до ноември 2010 година.
Ревизијата на успешност која ја спроведе ревизорска екипа од Државниот завод за ревизија е извршена активност, планирана и спроведена согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2010 година. Оваа ревизија на успешност истовремено претставува и пилот ревизија вршена во рамките на активностите на компонента 2 од МАТРА проектот на ДЗР во соработка со Холандскиот Суд за Ревизија.

Ревизијата е извршена по следните фази и периоди:

- Прелиминарни истражувања – 17.05 - 21.06.2010 година;
- Вршење на ревизијата – 06.07. - 03.11.2010 година;
- Анализа на резултати и подготовка на Нацрт ревизорскиот извештај од спроведена ревизија – 04.11 -05.11.2010; 15.11.2010; 01.12 - 07.12.2010; 09.12 - 15.12.2010; 20.12.- 30.12.2010 година.

Ревизијата на успешност е вршена во функција на надлежните институции, јавноста и граѓаните на Градот Скопје, а со цел објективно презентирање на состојбите кај активностите преземени од страна на сите релевантни институции за посочената област како и други аспекти од нивното работење. Со оваа ревизија на успешност е опфатена област која до сега не била предмет на ревизија на успешност. Државниот завод за ревизија кај дел од надлежните институции во изминатите години и тековно вршел ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за кои се издадени соодветни извештаи. Јавната услуга – градски превоз во Град Скопје која е предмет на ревизијата на успешност,претставува секојдневен проблем со кој се соочуваат не само граѓаните - корисници на превозот туку и сите учесници во јавниот сообраќај во Град Скопје. Избраната цел на ревизијата претставува предмет на интерес од повеќе аспекти и за повеќе целни групи.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.



*Ревизорска екипа:*

*1.* ______
*2.* ______
*3.* ______
*4.* ______

*Овластен државен ревизор*

______